ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

**ОКТА најголемиот снабдувач на горива во земјата, објавува конкурс за ПЛАТЕНА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА во соработка со Природно-математички факултет**

Услови за аплицирање:

1. Студентот да биде 4-та година на студии од прв циклус или студент од втор циклус студии.
2. Студентот да има средно познавање на англиски јазик.
3. Студентот да има познавање на Microsoft Office.

Времетраење на пракса:

Практикантот ќе биде континуирано присутен на платена пракса во ОКТА АД – Скопје, извршувајќи задачи во Сектор Инспексицка контрола - Лабораторија, во временски период од 3 месеци, со полно работно време. **Праксата ќе започне на 15.03.2026 година**.

Компанијата има обврска да обезбеди:

- ментор на практикантот
- храна и превоз на практикантот за целото времетраење на праксата
- потврда за остварена пракса на студентот со потпис од овластено лице и печат од компанијата, заверена со архивски број

Цели на праксата

- Очекувани цели од ангажманот се практикантот да стекне практични знаења и вештини, како и да се здобие со искуство од работа во корпоративна средина.
- Практикантот ќе биде под менторство во Сектор Инспекциска контрола - Лабораторија, истовремено асистирајќи во повеќе области на работа.
- Секторот Инспексицка контрола - Лабораторија е под дирекција Оператива и ги опфаќа следниве активности –подготовка на мерна инструментација и прибор потребен за тестирања, изведување на тестирања и заверување на резултати. Калибрација и верификација на мерната инструментација. Чистење, проверка и чување на соодветно место на волуметриска опрема и опрема за општа употреба. Водење на документирани податоци од систем за следење на складишни резервоари, истоварени и утоварени квалитети на нафтени деривати.

Сите кандидати е потребно да испратат CV и копии од документи и уверенија кои потврдуваат дека кандидатот ги исполнува условите, на следниот контакт okta_career@helpe.gr**.** При испраќање на апликацијата кандидатите потребно е да назначат во Subject – Пракса во Сектор Инспекциска контрола - Лабораторија.

Избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор на кандидати и ќе се потпише Договор за соработка со избраниот кандидат.
**Огласот е отворен најдоцна до 12.03.2026 год.**